29.06
[handwritten initials]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Јавно претпријатие за комунални работи
"СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
ВИНИЦА

| Примено: 29.06.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 524 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 580
26.06.2023 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 19 став 4, 5 и 6 од законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ број 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и Службен весник на Р.С.Македонија број 275/2019 и 89/2022“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 12/2022“), а по Барање од ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, број 03-271 од 03.04.2023 година, Советот на општина Виница на 21-та седница одржана на ден 26.06.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување висината на месечниот надоместок на Претседателот и членовите на Управниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница**

Член 1

Претседателот и членовите на Управниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на Управниот одбор на ЈП.

Член 2

Вкупниот месечен надоместок на Претседателот и членовите на Управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, исплатена во претходната година и се утврдува во износ од 5.000,00 денари за Претседателот и 4.000,00 денари за членовите на Управниот одбор.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

29.06

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Јавно претпријатие за комунални работи
"СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
ВИНИЦА

| Примено: 29.06.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 525 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 581
26.06.2023 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 27 став 8 и 9 од законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ број 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и Службен весник на Р.С.Македонија број 275/2019 и 89/2022“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 12/2022“), а по Барање од ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, број 03-271 од 03.04.2023 година, Советот на општина Виница на 21-та седница одржана на ден 26.06.2023 година, донесе:

# ОДЛУКА

## За утврдување висината на надоместокот на Претседателот и членовите на Надзорниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница

Член 1

Претседателот и членовите на Надзорниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, за секоја седница на Надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, исплатена во претходната година и се утврдува во износ од 4.000,00 денари за Претседателот и 3.000,00 денари за членовите на Надзорниот одбор.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА ОПШТИНА ВИНИЦА